**20080881654**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 9 јули 2008 година.

Бр. 07-2825/1
9 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Член 1

Во Законот за акцизите (“Службен весник на Република Македонија” број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004 и 38/2005), во членот 17 став (2) зборовите: “Законот за утврдување и наплата на јавните приходи” се заменуваат со зборовите: “Законот за даночната постапка”.

Член 2

Членот 44-а се брише.

Член 3

Во членот 51-в по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

“(2) Патничките автомобили се ослободени од акциза при нивниот увоз ако се добиени како подарок од странски донатори, а се наменети за државните органи, општините, градот Скопје, општините во градот Скопје и за јавните установи.

(3) Патничките автомобили на хибриден погон (комбинација на бензински мотор и електромотор) се ослободени од акциза.”

Член 4

Во членот 61 став (1) воведната реченица се менува и гласи: “Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на даночниот обврзник - правно лице, ако:”.

Ставот (2) се менува и гласи:

"Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице и на физичкото лице за прекршоците од ставот (1) на овој член."

За прекршокот од ставот (1) точка 11 на овој член од физичкото лице ќе се одземе моторното возило кое како погонско гориво користи минерално масло кое содржи материи за обележување согласно со овој закон.

Ставот (3) се менува и гласи:

"За повторување на прекршоците од ставот (1) на овој член во рок од две години на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во траење од шест месеца до две години, на одговорното лице во правното лице забрана за вршење на професија, дејност или должност во траење од една до три години, а на физичкото лице - даночен обврзник забрана на вршење на дејност во траење од една до две години."

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".